*Михаил ПАНОВСКИ*

## ОДРЖАН ГОЛЕМ ВЕЛИГДЕНСКИ КРОС ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ДЕЦА

Една дамнешна идеја оваа година стана стварност. На иницијатива на вработените од ЦРО “Св. Наум Охридски” во Скопје **на 16.04.1998 година во градскиот парк во Скопје се одржа првиот Велигденски крос за хендикепирани деца.** Посебна заслуга за оваа манифестација имаат несебичните и изворедно хуманите организатори на **Скопскиот атлетски маратон-** членовите на **атлетскиот клуб “Маратон”** кои технички го организираа кросот на највисоко можно ниво. Исто така за успешна организација на кросот се погрижија и **вработените во Службата за итна медицинска помош, како и волонтерите од Македонскиот Црвен Крст.**

**За одбележување е тоа што на првиот Велигденски крос зедоа учество над 600 деца од сите основни училишта за хендикипирани деца од целата држава.** Натпреварот беше организиран во 14 категории од кој 7 во машка и 7 во женска конкуренција.

Организаторите на Кросот имаа обезбедено вредни награди за првопласираните тројца во сите конкуренции: **медали дипломи, тренерки, книги,** а за сите учесници беа обезбедени сендвичи, јогурти и сокови.

Главна карактеристика на кросот беше масовното присуство како и големата желба кај сите натпреварувачи како и нивните наставници за што подобар пласман. Кросот покажа дека во сите училишта има доста голем број квалитетни поединци кој можат равноправно да се натпреваруваат дури и со најдобрите од истата возраст.

На крајот организаторот обезбеди богата културна-уметничка програма со учество на познати естрадни ѕвезди и културно-уметнички друштва од Македонија: Мариана Мишева, Дарко Мијалковски, Весна Петрушевска, Ранко Рангелов и други.

**Учесниците на Велигденскиот крос** се разделија **со ветување од страна на организаторот дека истиот и догодина ќе биде вака добро организиран со заедничка желба да стане традиционален.**

Велигденскиот крос за хендикепираните деца претставува изворедно значаен настан во кој императивно треба да се вклучат со соодветна стручна и материјална помош и **социјално хуманитарните организации од Македонија.**